Оливер Соколов Сокол
ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ

+389 77 655 699
www.sokolturnir.mk
Бул. 8-ми Септември 8/2-4
oliver.sokolov.sokol@gmail.com

**ПРАВИЛНИК**

за настап на XXI меморијалниот турнир во мал фудбал
"Оливер Соколов - Сокол" – **Сокол ВЛТ** 2025 год.

1. **Пријавување на екипа:**

- Бројот на екипи е лимитиран на 40;
- За да се пријави екипа потребно е да се подигне формулар за пријавување на екипата кој е во склоп на овој правилник;
- Секоја екипа задолжително треба да има сопствено лого или лого на спонзор под кое ќе настапува и истото ќе треба да го испрати на e-mail: oliver.sokolov.sokol@gmail.com заедно со потврдата за платена котизација (уплатницата) и пополнетиот формулар од екипата како би го загарантирала учеството на турнирот;
- Котизацијата за учество на турнирот изнесува 10.000 денари и истата треба да се уплати на жиро сметката 270073547030166 - Халк Банка АД Скопје;
- Уплатата за котизација се врши на жиро-сметка и истата треба да биде најдоцна до 28.08.2025 година;
- За дополнителна потврда на уплатата, покрај испратеното лого, доказот за уплата (уплатница) и пратениот формулар за пријавување на екипа на наведениот e-mail, претставникот на екипата, најдоцна два дена пред ждребањето треба да ги достави истите во hard-copy кај одговорното лице на организаторот на турнирот;
- Доколку тоа не го направи во дадениот рок и на начинот објаснет во правилникот, екипата нема да се смета за уредно пријавена и истата нема да може да земе учество на турнирот, а евентуално платената котизација ќе биде вратена на лицето или фирмата плаќач;

2. **Број на играчи:**

- Екипата може да пријави 11 играчи, тренер и претставник на екипа плус 1 играч џокер од елиминациската фаза. Џокер играчот може да се пријави најрано по завршување на групната фаза, но најдоцна пред почеток на првиот елиминациски натпревар на неговата екипа.;
- Списокот на играчи, тренер и претставник на екипа се доставува по пат на пополнет формулар при самото пријавување на екипата и истиот е конечен до крајот на турнирот, со исклучок на џокер играчот од елиминациската фаза;
- Списокот на пријавени играчи, тренер и претставник на екипа не може да се дополни ниту коригира по завршувањето на ждрепката, односно доставувањето на истиот, освен за надополнување на џокер играчот од елиминациската фаза;
- Еден играч, тренер или претставник на екипа не може да настапи за екипа доколку претходно е пријавен на списокот или веќе играл за друга екипа на овој турнир вклучувајќи го и играчот џокер. Доколку се случи такво нешто се санкционира целата екипа со дисквалификација;

+389 77 655 699
www.sokolturnir.mk
Бул. 8-ми Септември 8/2-4
oliver.sokolov.sokol@gmail.com

- Организаторот го задржува правото да побара идентификација за секој играч во било кој момент од турнирот. Настап на непријавен или лажно претставен играч автоматски води до дисквалификација на целата екипа.

3. **Опрема:**

- Секоја екипа е обврзана да има свои дресови (маици) со видливо лого и броеви;
- Во случај дресовите (маиците) да се идентични со противничката екипа, екипата „гостин" е должна да облече маркери изготвени од организаторот;
- Во случај на влез во игра на играч на местото на голман, играчот е должен да облече маркер изготвен од организаторот;
- Голманите задолжително мора да имаат различни дресови (маици) кои ќе се разликуваат по боја од останатите играчи од својата и противничката екипа;

4. **Правила и тремини за игра:**

- Се игра делумно по ФУТСАЛ правила;
- Се игра во 8 групи по 5 екипи, од кои првите 4 од секоја група одат во следна фаза на натпреварување. Истите прават круг од 32 екипи и ја сочинуваат 1/16 финалната елиминациона фаза, од која подобрите продолжуваат во 1/8 финале и сè така до финалето. Системот на групи и елиминации е дизајниран така што секоја екипа ќе одигра минимум 4 натпревари, со што се гарантира фер шанса и полно спортско доживување за сите учесници.
- Во игра не смее да има повеќе од 6 играчи (5 играчи + 1 голман), ниту помалку од 4 играчи (3 играчи + 1 голман). Ако бројот на играчи на терен падне под 4 во текот на натпреварот, истиот се прекинува и се регистрира службен резултат (3:0) за противникот, освен ако тој веќе води со подобар резултат.;
- Се игра 2 × 15 минути во групна фаза, 2 × 20 минути во елиминации до финале и 2 × 25 минути во финале и во натпреварот за 3 то место;
- Времетраењето на фудбалскиот натпревар го мери записничката маса и судијата, а истиот може да се следи и на дигиталниот семафор;
- Секој подолг прекин се стопира од страна на судиите и записничката маса (делегат);
- Во елиминациона фаза последните 2 минути се ефективни (на секој прекин се стопира времето на семафорот);
- Пауза помеѓу секое полувреме е 5 минути;
- Сите натпревари во групната и елиминациската фаза ќе се играат секој ден од 18:00 до 23:15 часот, со вклучени паузи од 5 минути и подготовка/загревање на екипите од 10 минути.;
- Првите натпревари ќе се одиграат на 1 Септември по официјалното отворање на турнирот и веднаш по ревијалниот натпревар, со почеток во 21:00 па се до 23:00 часот. Екипите кои ќе играат во овие термини ќе бидат известени на денот на ждребањето;
- Елиминациските натпревари ќе стартуваат од 18:00 часот па се до 23:15 часот со пресметано времето на паузите за секое полувреме од 5 минути, како и подготовката и загревањето на екипата пред почеток на секој натпревар од 10 минути;

- Полуфиналните и финалните натпревари ќе стартуваат од 20:00 часот па се до 22:10 часот со пресметано време на паузите за секое полувреме од 5 минути, како и подготовка и загревање на екипата пред почеток на секој натпревар од 10 минути.
- Финалните натпревари ќе бидат емитувани во живо преку социјалните мрежи и медиумски платформи на организаторот. Преносот ќе биде проследен со коментар и визуелна графика;
- Пред почетокот на секој натпревар сите пријавени/присутни од списокот на екипата, присутноста ја докажуваат кај одговорните лица на записничката маса со документ за лична идентификација (лична карта, пасош, возачка) истите може да бидат и во дигитална форма на телефон;
- Доколку не е присутно одговорното лице на екипата кое е наведено на пријавата, автоматски одговорно лице за екипата е тренерот или капитенот на екипата;
- Промена на терминот или одложување на натпревар НЕ Е ДОЗВОЛЕНА ПО НИТУ ЕДНА ОСНОВА , освен од страна на организаторот заради временска непогода или други непредвидени околности. Променетиот термин ќе се одигра со известување од страна на организаторот кон екипите најдоцна 12 часа од закажувањето на наредниот термин;
- На четвртфиналните , полуфиналните и финалните натпревари секоја екипа има право на еден тајмаут во секое полувреме во време траење од 1 минута, но истиот доколку не се искористи во првото полувреме не се пренесува во второто полувреме;
- Секоја група во ждребот ќе има носител – екипа која ќе биде одбрана од комисијата составена од организацискиот одбор на турнирот;
- Извлекувањето на групите ќе се врши јавно на 30.08.2023 година во 20:00 часот на игралиштето „Сокол“ каде ќе се одржи самиот турнир, а истите ќе бидат објавени на самото отворање на турнирот на 01.09.2023 година со почеток во 20:00 часот освен оние кои ќе играат на истиот ден од 21:00 и ќе бидат известени на денот на ждрепката;
- Секоја екипа ќе може да се информира за терминот и редоследот на натпреварите на нашата веб страна www.sokolturnir.mk, на нашата Фејсбук фан-страна @sokolturnir, на нашата Инстаграм фан-страна@sokolturnir, на официјалната **Вибер група**, како и на паното кое ќе биде изложено на самото игралиште.
- Во текот на турнирот ќе се изработуваат фотографии и видео материјал за потребите на организаторот и партнерите. Секоја екипа со пријавување се согласува на нивна употреба за промотивни цели.

5. **Натпреварувачки мерки и санкции:**

- Секој играч или службено лице на екипа е должен да го почитува принципот на фер-плеј и спортска почит кон противникот и официјалните лица. Промоцијата на вредности преку однесување е дел од целта на турнирот.
- Секоја екипа треба да биде присутна на терен најдоцна 15 минути пред почеток на натпреварот (часот на терминот кој е закажан).
- Доцнење на екипа се толерира 10 минути (односно времето за загревање), со што на семафорот ќе се мери времето од моментот (саатница) кој е закажан натпреварот. Во

Оливер Соколов **Сокол**
ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ

+389 77 655 699
www.sokolturnir.mk
Бул. 8-ми Септември 8/2-4
oliver.sokolov.sokol@gmail.com

случај екипата да се појави во тие 10 минути ќе треба веднаш да почне со игра и ќе нема право на загревање.

- По истекот на 10те минути, натпреварот се регистрира како службен со резултат од (3:0) во корист на противничката екипа и минус 3 бода за екипата која не се појавила на натпреварот.
- Доколку екипата или дел од екипата направи прекин на натпреварот напуштајќи го теренот и натпреварот од тие причини не може да продолжи делегатот кој го води натпреварот ќе донесе одлука со која натпреварот ќе се прекине и ќе се регистрира со службен резултат (3:0) во корист на противничката екипа доколку до прекинот не е постигнат подобар резултат за противничката екипа и минус 3 бода за екипата која го напуштила теренот – натпреварот.
- Измените на играчите за време на одигрување на натпреварот се „летечки" и истите се вршат во рестриктивниот простор кој е видно обележан, односно на линијата пред самата аут линија, по систем "ШТАФЕТА" (Играчот кој треба да влезе во игра треба да му го предаде маркерот на играчот кој излага на линијата која е пред аут линија за да влезе во игра.) Секое непочитување се санкционира со 2 минути исклучување на играчот кој треба да влезе;
- Бројот на прекршоци (фаули) дозволени во едно полувреме е 5 (пет) и истиот не се пренесува во второто полувреме. На натпреварот за 3то место и финалниот натпревар доколку дојде до продолжение, бројот на фаули од второто полувреме се префрла и во продолжението;
- Акумулирани прекршоци се впишуваат (санкционираат) и при почитување на предност на судиите.
- После 5 (петтиот) фаул секој нареден се санкционира како пенал кој се изведува со удар од 10 метри;
- Прекршок во казнениот простор (6м) е пенал и се изведува на линија од 6 метри;
- Во зависност од намерата (интензитетот) на прекршокот, истиот може да се санкционира со исклучување од 2 минути, црвен картон, суспензија од неиграње на најмалку еден натпревар, па се до дисквалификација до крајот на турнирот. Во случај на повторувани дисциплински прекршоци од страна на иста екипа (3 или повеќе казни во различни натпревари), организаторот го задржува правото да ја повика на усно или писмено предупредување пред потенцијална дисквалификација.;
- Во текот на натпреварот, во кабината на екипата може да бидат присутни само лица кои се наоѓаат на списокот, во спротивно за секое лице надвор од списокот, екипата добива по 2 минути исклучување на играч. Екипите се одговорни и за сите лица што дејствуваат во нивно име (тренер, претставник на екипа и сл.). Прекршување на правилата од страна на овие лица може да резултира со санкции за целата екипа;
- Приговор на судија се санкционира со 2 минути исклучување. При вербална агресија кон публика или службени лица од организацијата, организаторот го задржува правото на итна суспензија од турнирот;
- Во случај кога двајца играчи се исклучени на по 2 минути, по првиот примен гол се враќа првиот исклучен играч, по вториот примен гол се враќа и вториот, или се враќаат по истекот на нивните казни од 2 минути.

+389 77 655 699
www.sokolturnir.mk
Бул. 8-ми Септември 8/2-4
oliver.sokolov.sokol@gmail.com

- Доколку екипата или дел од екипата вклучувајќи ги и службените лица на екипата со грубо однесување, непочитување на одлука на судија, физички напад на судија, службено лице од организацијата или противнички играч, предизвикаат неред/инцидент и др. и со тоа предизвикаат прекин на натпреварот, делегатот кој го води натпреварот ќе донесе одлука со која натпреварот ќе се прекине и ќе се регистрира со службен резултат (3:0) во корист на противничката екипа доколку до прекинот не е постигнат подобар резултат за противничката екипа, а учесникот или учесниците, како и целата екипа ќе бидат санкционирани со суспензија од неиграње на најмалку еден натпревар, па се до дисквалификација до крајот на турнирот, а сторителот на инцидентот подлежи на санкции од законот за насилство во спортот при МВР на јавен настан;
- Навреда на судија (пцуење, плукање, закани …) се санкционира со црвен картон и суспензија од неиграње на најмалку еден натпревар, па сè до дисквалификација до крајот на турнирот;
- Напад на судија се санкционира со дисквалификација на целата екипа до крајот на турнирот;
- Навреда на противнички играч или екипа (пцуење, плукање, закани …) се санкционира со црвен картон и суспензија од неиграње на најмалку еден натпревар, па сè до дисквалификација до крајот на турнирот;
- Напад на противнички играч или екипа се санкционира со дисквалификација на целата екипа до крајот на турнирот;
- Навреда или напад на играч од иста екипа (пцуење, плукање, закани …) се санкционира со црвен картон и суспензија од неиграње на најмалку еден натпревар, па сè до дисквалификација до крајот на турнирот;
- Жолтиот картон е опомена пред исклучување, а по втор жолт (жолт + жолт = црвен) или директен црвен картон следува исклучување на играчот без право на враќање во игра, додека неговата екипа игра со еден помалку 2 минути или до примен гол, по што може да влезе друг играч од клупата;
- Секој лизгачки старт, без разлика дали е на играч или топка, се санкционира со фаул, освен ако поради сериозен прекршок судијата не одлучи поинаку, односно да санкционира со исклучување од 2 минути или црвен картон, освен за лизгачки старт на топка со кој го брани голот во шесте метри (блок на топка);
- Два пати исклучување од 2 минути на ист играч во текот на ист натпревар се санкционира и регистрира како ЦРВЕН КАРТОН. Истиот играч има право да настапи на следниот натпревар доколку црвениот картон е добиен заради ситни прекршувања (погрешна измена, ненамерна игра со рака, спречување ветувачка акција…) или ако делегатот не одлучи поинаку (во зависност од прекршокот).
- Високо подигната нога (ЃОН) се санкционира како индиректен удар од местото каде е направен, но не се регистрира како фаул;
- Секој директен удар (игра со рака) се регистрира како фаул;
- Постои корнер од голман;

Голманот може да ја држи топката 5 секунди сè додека не премине во противничката половина, по што стекнува право на играч (фудбалер) без ограничување на времето;

+389 77 655 699
www.sokolturnir.mk
Бул. 8-ми Септември 8/2-4
oliver.sokolov.sokol@gmail.com

- Вратена топка на голман и доколку истиот ја фати со рака се санкционира како индиректен удар од местото каде е фатена топката, но истото не се регистрира како фаул;
- Во состојба на гол-аут, голманот нема право да ја исфрли-шутне топката преку центарот на игралиштето;
- Фрлена топка од голман преку половина на центарот не се санкционира само доколку голманот топката фатил во игра и ја врати во игра;
- Гол со рака од голман не важи;
- Аут се изведува со топката на сама линија или зад линија во времетраење од 5 секунди, а изведувачот на аутот МОРА да е зад линијата;
- Живиот ѕид е оддалечен на 5 (пет) метри од изведувањето на прекршокот, аутот или корнерот (за сите прекини);
- Гол се важи само и исклучиво ако целиот обем на топката ја помине гол линијата, исто важи и за аут како и за гол-аут и корнер;

6. **Судење:**

- Судењето на сите натпревари на турнирот ќе го вршат професионални судии, делегирани од страна на Фудбалската федерација на Македонија (ФФМ), од првиот до последниот натпревар.

7. **Бодување:**

- За победа во групна фаза се добива 3 бода;
- За нерешен резултат во групна фаза секоја екипа добива по 1 бод;
- За непојавување на екипата на терен во закажаниот термин, покрај службениот резултат од 3:0, екипата ќе биде санкционирана со минус 3 бода од бодовното салдо во групна фаза.
- Во случај на нерешен резултат во елиминациска фаза, натпреварот се решава со изведување на пенали. Се изведуваат по пет удари од двете страни, а право на изведба имаат играчите кои во моментот се наоѓаат на теренот. Доколку и по петте удари резултатот е нерешен, истите играчи продолжуваат да шутираат наизменично, по истиот редослед, сè до добивање на победник. Право да шутира има и голманот.

  Во финалето и натпреварот за трето место, доколку по истекот на регуларното време резултатот е нерешен, најпрво се играат две продоленија од по 5 минути. Ако и по продолженијата нема победник, се преминува на изведување на пенали според горенаведената постапка.
- Доколку две екипи имаат ист број на бодови за пласман во елиминациска фаза, пласманот се утврдува според следниот редослед на критериуми:
  1. Меѓусебен дуел;
  2. Гол-разлика од сите натпревари;
  3. Број на постигнати голови;
  4. Жреб.
- Доколку три екипи имаат ист број на бодови за пласман во елиминациска фаза, пласманот се одредува според следниот редослед на критериуми:

+389 77 655 699
www.sokolturnir.mk
Бул. 8-ми Септември 8/2-4
oliver.sokolov.sokol@gmail.com

1. Меѓусебен биланс (дуелите меѓу трите екипи);
2. Гол-разлика од меѓусебните дуели;
3. Вкупна гол-разлика од сите натпревари;
4. Вкупен број на постигнати голови од сите натпревари;
5. Жреб.

8. **Избор на индивидуални награди:**

- За изборот на индивидуалните награди ќе биде формирана комисија составена од сегашни и поранешни спортисти, тренери, како и стручни лица од областа на спортот.
- Комисијата ќе ги следи сите натпревари од почеток до крај на турнирот и ќе изврши селекција за следните категории:
  - Најдобар играч на турнирот
  - Најдобар голман
  - Најдобар млад играч
- Во изборот за индивидуалните награди ќе учествуваат натпреварувачи чии екипи ќе се пласираат во полуфиналните односно финалните натпревари.
- Наградата за „Најдобар млад играч“ се доделува на натпреварувач кој не е постар од 20 години (роден на или по 1 септември 2004 година).

9. **Награден фонд:**

Тимски награди

- За освоено I Место наградата изнесува 500.000,00 денари;
- За освоено II Место наградата изнесува 250.000,00 денари;
- За освоено III Место наградата изнесува 120.000,00 денари;
- За освоено IV Место наградата изнесува 60.000,00 денари;

10. **Индивидуални награди**:

- За нај добар играч/фудбалер парична награда од 25.000,00 денари, ваучер во висина од 30.000,00 денари од Европски Универзитет, ваучер за двајца за две ноќевања од Панорама Хотел & Спа Крушево, …;
- За нај добар голман парична награда од 25.000,00 денари, ваучер во висина од 30.000,00 денари од Европски Универзитет, ваучер за двајца за две ноќевања од Панорама Хотел & Спа Крушево, …;
- За нај добар млад играч парична награда од 25.000,00 денари, ваучер со едногодишна стипендија од Европски Универзитет, ваучер за двајца за две ноќевања од Панорама Хотел & Спа Крушево, …;

11. **Играч на натпреварот – елиминациска фаза**

Во елиминациската фаза, по завршување на секој натпревар, организацијата ќе избира еден играч на натпреварот врз основа на спортскиот учинок, фер-плеј и влијание врз играта.

Избраниот играч ќе добие симболична награда како признание за својот настап. Оваа награда е независна од изборот за најдобар играч на турнирот.

Оливер Соколов Сокол
ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ

+389 77 655 699
www.sokolturnir.mk
Бул. 8-ми Септември 8/2-4
oliver.sokolov.sokol@gmail.com

12. **НАПОМЕНА:**

- Наградниот фонд се исплаќа во нето износ.
- Со пополнување и потпишување на пријавата, секој учесник (играч, тренер, претставник) го потврдува своето учество на Сокол - ВЛТ 2025 и се согласува личните податоци да бидат обработени за потребите на организаторот.
- Секој пријавен се согласува да го отстапи својот лик (фотографија, видео) за потребите на организаторот и неговите покровители, за медиумски кампањи поврзани со и околу турнирот.
- Со потпишување на пријавата, сите учесници се свесни за можноста од евентуални повреди и последици кои би можеле да настанат при играта и немаат право на побарувања од организаторот или поединци вклучени во организацијата.
- Доколку некој играч е на списокот, а не го ставил својот потпис, одговорноста согласно оваа точка ја презема претставникот или тренерот на екипата.

**ОВОЈ ТУРНИР Е ОД МЕМОРИЈАЛЕН КАРАКТЕР И БЕЗ РАЗЛИКА НА НАГРАДИТЕ ПРЕДПОЧИТАМЕ ФЕР И КОРЕКТНА ИГРА.**

Име на организацијатаж
Здружението на граѓани за подготовка и организирање на меморијален турнир во мал фудбал Оливер Соколов Сокол

website:
www.turnirsokol.mk
Одговорно лице / Person in charge:
Неделковски Бојан
Телефон / Telephone:
+389 77 655 699
Банка депонент:
Халк Банка АД Скопје

e-mail:
oliver.sokolov.sokol@gmail.com
Одговорно лице / Person in charge:
Чуревски Бошко
Телефон / Telephone:
+389 77 655 988
Жиро сметка / bank account:
270073547030166

Со почит,

Претседател
Никола Ѓеоргиев
____________________